**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска**
**на Конференција „Мир и просперитет во Западниот Балкан“**
**Smart Balkans, четврток, 14.12.2023 – 09.30, Double Tree Hilton**

Почитувани присутни,

Фактот дека денеска имам можност да се обратам пред амбасадорката на Кралството Норвешка акредитирана за Северна Македонија, Кристин Мелсом, како и еминентни членови на академската заедница и претставници на невладиниот сектор од регионот покажува дека прашањето на просперитет на Западниот Балкан, неговиот развој, интеграцијата на земјите од овој регион е прашање кое и ние во Северна Македонија, но и граѓаните на земјите од регионот го сметаат за приоритетно. Ова прашање е поврзано со безбедноста и на самиот регион, но и на Европа, а за безбедноста велиме дека нема цена затоа што само така можеме да градиме отворено, демократско, просперитетно општество кое нуди иднина за нашите поколенија.

Кога зборуваме за европска интеграција на земјите од Западниот Балкан, кога зборуваме за една Европа, обединета во еден глас, не мислиме на Европската Унија само како идеја. Зборуваме за вредности кои нè водат во секојдневието, зборуваме за можноста да работиме заедно како Европејци, ослободени од сето она што може да нè оддалечи.

Европската иднина е иднина во која помирувањето помеѓу народите на овој наш заеднички континент ќе стане реалност. А, примерот можеме да го земеме токму во почетоците на Унијата. Земји кои само неколку години после ужасите на Втората светска војна успеале да се погледнат во очи и преку дијалог да се договорат дека Европа е голема и моќна само ако е обединета. Дека граѓаните на разурнатите европски земји ќе имаат подобар живот само ако работат заедно – без посебна, француска или германска цел, туку со една, европска цел.

Интеграцијата ја покажа својата обединувачка сила кога предвид ќе се земе членството во НАТО – Алијансата. Со приемот на Хрватска и Албанија во 2008, Црна Гора во 2017 и Северна Македонија во 2020 година, Западниот Балкан доби стабилност, доби сигурност, доби можност да ја развива својата демократија во мир и во безбедност.

Често велам – од Северна Македонија може многу да се научи за прагматичниот пристап кон конечно затворање на едно отворено прашање кое две децении не зацементира во една точка во однос на нашите евроатлантски интеграции.

Потпишувањето на Преспанскиот договор не беше лесна одлука. Напротив, тоа е одлука која бараше храброст, бараше визија за тоа како сакаме да изгледа нашата татковина во иднина. А визијата беше сигурна, безбедна, просперитетна држава.

Само неколку години по историската одлука, можеме да кажеме дека таа беше донесена во вистинско време.

Кога зборуваме за регионалната безбедност, мораме да имаме предвид дека зборуваме за состојба која е непредвидлива и комплексна. Во овој дел на Европа, можеби немаме закана од конвенционална природа, но нашите земји се континуирано изложени на дезинформациски кампањи кои имаат свои цели како намалувањето на довербата во институциите да се носат со овие предизвици, намалување на интересот кај граѓаните во демократските процеси и пополнувањето на вакуумот предизвикан од застојот на интегративните процеси со агенди на трети земји.

Одговорот на овие закани од хибридна природа кои се навистина комплексни, е всушност многу едноставен, интеграција. Интегрирајќи се во евроатлантските структури, без оглед дали зборуваме за НАТО или за Европската Унија, или и за НАТО и за ЕУ, ќе нè обврзат да соработуваме, да се координираме и заеднички да бараме одговори, затоа што хибридните закани не препознаваат граници, етникуми, вери. Тие препознаваат само општества кои се подготвени или не да се носат со овој предизвик.

Затоа, да го пресечеме гордиевиот јазол и во нашите односи да не гледаме како непријатели, туку да гледаме можност за заедно да креираме отпорност која ќе оневозможи континуираните обиди за влијание да имаат резултат.

Почитувани,

Европската Унија ќе може да се постави како значаен геополитички играч на глобалната сцена ако покаже дека има план, особено за своето најблиско соседство, односно Западниот Балкан. Затоа сега е отворен прозорецот на можности за интеграција на Западниот Балкан во Унијата. Во политиката на меѓународна сцена овие можности не се отвораат често и доколку се пропуштат, не се знае кога ќе биде дадена следната можност.

Европската комисијата предлага Унијата со Планот за раст на Западниот Балкан да обезбеди можности за зајакнување на нивната социо-економската конвергенција,

нивно доближување до единствениот пазар на Европската Унија во многу области, како и значителната дополнителна финансиска поддршка.

Сега е времето секоја од нашите земји во регионот и нашите политичките структури дома да покажат дека она што го зборуваат константно, ќе го преточат во дела.

Потребно е да бидеме прагматични и мудри, што нам во Северна Македонија не ни е непознато. Потпишувањето на Преспанскиот договор ја покажа нашата волја да минеме низ процес кој иако беше тежок за многумина, имаше повисока цел. Членството во НАТО денес ни дава глас да кажеме – ние сме безбедни, ние сме сигурни, нашата демократија и вредности се зачувани.

Во однос на патот кон полноправното членство во Европската Унија, Северна Македонија туку што го заврши скрининг процесот, по што следува и отворањето на поглавјата за членство, за што е потребна наша одлука и финализирање на процесот за уставни измени. Оваа конференција ја одржуваме во истиот ден кога европските лидери зборуваат за проширувањето на Унијата. Денеска можевме да добиеме добра вест, но за жал недостасува визија и лидерство за донесување на овие одлуки.

На крајот би рекла дека сум многу благодарна што на нашиот пат претходно кон НАТО, сега кон ЕУ имаме силна поддршка и помош од нашите партнери и би рекла уште повеќе, пријатели. Норвешка е една е една од нив. Амбасадорке, Ви благодарам за вашата поддршка.

Затоа не смееме да дозволиме нашата земја да не успее да го добие заслуженото место во Европската Унија.

Ви благодарам.